Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Сали Хамзи од с. Боговиње, Боговиње УП2 09-353/23 од 6 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1296 од 10 ноември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1296 од 10 ноември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Сали Хамзи од с. Боговиње, Боговиње до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-353/23 од 6 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1296 од 10 ноември 2023 година на КЕЦ Тетово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на објект во с. Жеровјане.

Жалителот потенцира дека објектот е со намена Г2, се работи за нова населба и има и други индустриски објекти кои се приклучени, а во близина има нова ТС.

Според Електродистрибуција – при направен увид жалителот посочил дека ќе добие согласност за приклучок од трафостаница ТС ЈУСМ која е во приватна сопственост и е за изолиран корисник, а согласно постоечките прописи не може да се даде втор приклучок на трафостаница на изолиран корисник.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 20 февруари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-353/23 од 6 декември 2023 година
2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 25 јануари 2024 година со прилог:

-БСП-1 образец
-Имотен лист
-GIS скица

-Извод од план
-Еднополна шема
-Одобрение за градба

и на седницата се заклучи ЕВН дополнително да достави нова ГИС со сите детали (НН, СН, ТС, со наведена сопственоста на објектите и мрежата), како и оптовареност на ТС, при што на 11 март 204 година побараната скица беше доставена и приговорот повторно се разгледуваше на седници одржани на 18 и 26 март 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 44 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24), кога на еден корисник му е издадено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, притоа надворешниот приклучок ќе се користи исклучиво за превземање/предавање на електрична енергија за потребите на тој корисник, тој има статус на изолиран корисник.

Поради фактот што постоечкиот приклучок се води како изолиран корисник, оттука не може да се издаде дополнителен приклучок на веќе постоечки приклучок од туѓа трафостаница.

Согласно член 35 став (1) точка 2) од Мрежните правила, операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–353/23**
**29 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**